Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 61, 1 јуни 2011 година

јуни 2011 година

Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област сметководство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за научната дисциплина транспорт, шпедиција и осигурување на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за областа сметководство и финансии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........18

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област музичка теорија и педагогија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........37

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област музикологија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........42

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област менаџмент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........50

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за областа машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........61

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област фармацевтска анализа на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........64

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ЗА ОБЛАСТА МАШИНСТВО НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ”- ШТИП

Наставно-научниот совет на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, на седницата одржана на 24.5.2011 г., донесе Одлука (бр.2702-48/3) за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно-научното подрачје машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, во состав: доц. д-р Симеон Симеонов (претседател), доц. д-р Ангел Тасевски (член), доц. д-р Златко Соврески (член). На Конкурсот објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм”, на 14.4.2011 г., за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното подрачје машинство се пријавила кандидатката м-р Љубица Стефановска.

По приложените материјали и преземаните активности, согласно со Законот за високото образование и актите на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, Комисијата го предлага следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот, објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм” на 14.4.2011 г. за избор на еден помлад асистент/асистент (член 129/130) се пријави кандидатката Љубица Стефановска, магистер по технички науки.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Љубица Стефановска** е родена на 8 април 1986 г. во Штип. Во 2008 г. завршува додипломски академски студии во траење од четири години и остварени 240 ЕКТС кредити на Машинскиот факултет при УКИМ во Скопје, со наслов на темата „Методи и техники за мерење на учинок на вработените“ и се стекнува со право на стручен назив **дипломиран универзитетски инженер по машинство.**

Завршува постдипломски студии на Машинскиот факултет при УКИМ во Скопје (на 17 февруари 2011 г.), студиска програма Производно машинство, подрачје менаџмент, со наслов на магистерскиот труд „Истражување на поврзаноста на мотивациските системи во организациите и перформансите на вработените“ при што се стекнува со назив **магистер по технички науки од областа индустриско инженерство и менаџмент**. Постигнат успех 9,85.

***Професионални активности***

Од 2006 до 2008 г. е претседател на ЕСТИЕМ (Европски студенти по индустриско инженерство и менаџмент, Локална група - Скопје), Машински факултет - Скопје, непрофитна студентска организација.

Во периодот од 3 септември 2007 до 28 септември 2007 г. извршува практична работа во Македонско-американската алумни асоцијација. Во периодот септември - ноември 2006 г. извршува практична работа во АД Македонски телекомуникации - Скопје, Оддел за човекови ресурси и правна служба, како координатор на проектот Аутсорсинг 2003. Таа учествува на SEELY Leadership program, Вашингтон ДЦ –САД во периодот јули – август 2003 г.

На Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип е вработена на 1 ноември 2008 г., на работно место лаборант. Од 1 ноември 2010 г. е ангажирана во Центарот за обезбедување на квалитет, за потребите за сертификација и акредитација на УГД по ISO 9001, три дена во неделата.

***Сертификати***

1. Сертификат за завршена техничка обука за третман на отпадни води 1 и 2 во Софија, Р. Бугарија, организирана од Асоцијација за прекуокеански обуки АОТС – Јапонија, имплементирана од МИТСУБИШИ Материалс корпорација од Јапонија во соработка со ГЕОТЕХМИН ООД - Софија, поддржана од Министерство за економија, пазар и индустрија МЕТИ – Јапонија, 14-18 декември 2009 и 15-19 февруари 2010;
2. Сертификат за завршена обука на тема „Учење со технологија”, реализирана во соработка со Фулбрајт програмата, Штип, Р. Македонија, 10 јули 2010;
3. Сертификат за учество на Првиот форум за човекови ресурси во Скопје, Р. Македонија, Моќен организациски развој преку развој на вработените, 12 март 2010;
4. Сертификат за учество на работилница под наслов „Активно учење во големи студентски групи – невоможност или предизвик” поддржана од страна на Американскиот совет во Р. Македонија и Македонско-американската алумни асоцијација, Штип, Македонија, 30 септември 2010;
5. Сертификат за обука во КОСМО ИНОВАТИВЕН ЦЕНТАР-Скопје и успешно завршен семинар „Заштита и безбедност на информациите“, 29 јануари 2011 г.

***Трудови***

1. Асистент м-р Елизабета Митрева, Љубица Стефановска, дипл.маш.инж., Примена на методите и техниките за бездефектно производство во проектирањето на систем на квалитет и оптимизација на деловните процеси, Годишен зборник на Економски факултет – Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, 2009;
2. Љубица Стефановска, м-р Елизабета Митрева, Проектирање на систем на мотивација – нужност во остварување на стратегијата и целите на компаниите, Годишен зборник на Економски факултет – Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, 2009;
3. Ristova E., Stefanovski J. , Stefanovska Lj, Attributes and success factors of partnering relations trough supply chains, JIT case study for a manufacturing company, Scientific Technical Union of Mechanical Engineering Bulgaria, VII International Congress, “Machinery, Technology, Materials”, 2010;
4. Ljubica Stefanovska, Emilija Ristova, Innovative Employee Reward Methods Use and Its Linkage with Employee Motivation and Performance, The 4th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development, Macedonia, 2011;
5. Panov Z., Ristova E., Stefanovska Lj., Supply chain’s performance measurement system – An integrated framework, The VIII International Congress “Machinery, Materials, Technologies”, Bulgaria, 2011;
6. Panov Z., Ristova E., Stefanovska Lj, Enviromental strategies in the mining: The importance of development and implementation national environmental strategy for waste treatment, The 11th International GEOConference SGEM 2011, Bulgaria, 2011.

***Други достигнувања***

Компјутерски вештини: одлично познавање на: Word™, Excel™, PowerPoint™. Напреден корисник на Интернет. AutoCAD (основни понавања), 3d Max (основни познавања)

Познавање на странски јазици: англиски – одлично, српски – одлично, италијански – основно познавање, германски – основно познавање.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените материјали, Рецензентската комисија смета дека кандидатката м-р Љубица Стефановска го исполнува условот за помлад асистент за наставно-научното подрачје машинство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ –Штип, **кандидатката м-р Љубица Стефановска да биде избрана за помлад асистент за наставно-научното подрачје машинство.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА:**

**Д-р Симеон Симеонов, доцент, с.р.**
**Д-р Ангел Тасевски, доцент, с.р.**
**Д-р Златко Совревски, доцент, с.р.**